РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1038/4
16-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-тата седница одржана на ден 11.01.2024 година донесе

*О Д Л У К А*

Постапката по предмет со бр.08-9345/1 од 21.11.2022 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот бр.08-9345/1 од 21.11.2022 година.

Предметот со бр.08-9345/1 од 21.11.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со бр.08-9345/1 од 21.11.2022 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител.

ДКСК изврши увид во својата евиденција и констатира дека за лицето ________ поранешен директор на ________________ од Скопје е постапувано во претходен предмет со бр.08-8847 од 2022 година. При тоа издаден му е прекршочен платен налог по кој лицето има постапено, по што на ден 10.04.2023 година е донесена Одлука.

ДКСК утврди дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Изготвил:** м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
**Одобрил:** Катица Николовска, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk